Бранислав СВЕТОЗАРЕВИЌ

# ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА НА ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР 1817 – 2004

Македонските манастири, како што е познато одиграле мошне значајна улога во историјата на македонскиот народ и Македонската православна црква. Освен духовната и просветната дејност, македонските манастири имале и своја економија од која зависело не само нивното опстојување туку и создавањето на сите христијански и културни вредности на македонскиот народ.

Економската моќ на манастирите била значајна и за населението кое гравитирало околу нив, затоа што често пати во тешките моменти низ историјата тоа се потпирало на неговата моќ, особено најсиромашните, хендикепираните и болните. Покрај тоа манастирите вработувале луѓе за најразлични работи за што добивале некави средства или храна за живот. Голем број на семејства испраќале свои деца за калуѓери, неможејќи дома да ги издржуваат. Многу луѓе, не само со христијанска вероисповед, дарувале на манастирите материјални и парични средства од хуманитарни побуди, во знак на благодарност кон светителот во чија сила и помош верувале, или му служеле на манастирот.

Иако економската положба на Лешочкиот манастир била променлива во зависност од политичките и економските прилики, сепак земено во целина тој успева да прерасне во еден од најбогатите манастири во Македонија.

Кога Кирил Пејчиновиќ одлучил да го обнови разрушениот стар манастир во 1817/18 година морал да започне речиси сè одново. Овој манастир кој потекнувал од почетокот на XIV век, претходно во 1689/90 година, за време на австро-турската војна и по задушувањето на Карпошовото востание бил рчиси наполно уништен.[1] Благодарејќи на комуникативноста, ведрината и отвореноста на неговиот дух, како и цврстата волја за остварување на неговата цел, Пејчиновиќ успева да го направи речиси невозможното, да го обнови манастирот *Св. Атанасија,* во време на на големата културна и комуникациска изолација на македонскиот народ и економската беда на овој дел од Османлиската држава во тоа време.

---

[1] Илија Петрушевски, Бранислав Светозаревиќ: Лешочкиот манастирски комплекс, црквите Св. Богородица, Св. Атанасиј, Св. Кирил и Методиј, Полошко-кумановска епархија, Скопје 2001, 34.

Силната верба во неговата света мисија му дала доволно доблест да го продаде својот имот, да го посвети на манастирот и тој самиот целосно да се посвети на Бога и за доброто на својот народ.

Во подигањето на манастирот и неговото зајакнување учествувал народот и пријателите на игуменот Кирил кои ги стекнал во својот живот[2].

Откако го изградил манастирот со скромни димензии и објекти, Пејчиновиќ започнал со неговото економско зајакнување. Една од формите за реализирање на оваа цел била веќе дотогаш испробаната форма преку подароци и завештувања од верниците во Лешок и целиот тетовски крај.[3] Со собраните парични средства и другите приходи што ги остварувал манастирот, Пејчиновиќ започнал да купува недвижен имот.[4]

Неговото домаќинско работење го продолжиле и неговите следбеници, игумените Силвестер (Серафим) од 1845 до 1860 год. и Самоил од 1860 до 1878 година. Особен придонес за јакнењето на манастирот има игуменот Силвестер. Тој и неговиот наследник Самоил купиле повеќе имоти, со што ја подобриле материјалната положба на манастирот. [5]

Но за време на игуменувањето на Серафим манастирот и околните села биле напаѓани од *арнаутските банди* кои во тоа време пустошеле низ западна Македонија. Како потврда на тоа е и писмото на игуменот Серафим или Силвестер до српскиот кнез Александар Караѓорѓевиќ во 1852 година од кого барал милостина поради нанесените штети од арнаутските зулуми[6].

Во 1878 година во Лешочкиот манастир доаѓа игуменот Езекил со кого е поврзан и најголемиот подем на истиот. Имено тој во тој период успеал да откупи голем број имоти и тоа кории, забели, ниви, бавчи, овоштарници, лозја и ливади во селата Лешок, Слатина, Јелошник, Теарце, Глоѓи, Беловиште и други. Покрај тоа купувал и различни објектии во Тетово, Гостивар и Скопје. А приходи добивал и од давање пари на заем[7].

---

[2] Поменикот на манастирот *Св.Атанасиј* во с. Лешок во оригинал се чува во ракописното одделение на Народната библиотека во Софија, Инв. Р 179; Новица Велјановски: Економското јакнење на манастирот Лешок во времето на Пејчиновиќ врз база на зачувани документи, Зб.Кирил Пејчиновиќ и неговото време, Тетово 1973, 13 -17.

[3] Исто.

[4] Државен архив на Р. Македонија, (Во понатамошниот текст ДАРМ) Скопје, ф. бр. 868, (збирка поединечни документи 1734-1950), арх. кутија. 1.

[5] Истото: На 27. 11. 1846 год. купени се две ниви од некој си Јован од Непроштено

- На 17. 12. 1851 год. Купена куќа од Осман Мехмед од Гостивар
- На 27. 11. 1847 год. Купена е половина куќа со овошна градина од Јован од Непроштено
- На 05. 04. 1866 год. Нива во Лешок од Хатица Мехмед од Тетово.
- На 17. 02. 1872 год. Една нива, овоштарник, градина и ливада од братот на Идриз и Таир од Тетово и др.

[6] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, I том, книга II, (1849 - 1856), Белград 1979, 165-166.

[7] ДАРМ, ПО Тетово, ф. бр.175, Управа на Манастирот Св.Атанасиј, с. Лешок, (1887-1944), а.к. 1, д. бр. 1-20.

Во Скопје, игуменот Езекил купил две двоспратни згради со голем плац (60 х 100 м) во самиот центар во градот. Тие два објекта имале 24 простории плус помошни згради.[8]

Покрај тоа игуменот Езекил успеал да купи и цел чифлик од Турците. Во него имало: амбар, штали, плевни, шупи, соби за работниците, овоштарник и две ливади.[9]

Во архивот на Р. Македонија, ПО Тетово сочувани се и 4 купопродажни документи од времето на игуменот Еротеј од 1898 до 1912 година, што значи дека и во негово време доаѓа до зголемување на манастирскиот имот.[10]

Токму во овој период се случува познатата криза со Лешочкиот мансатир. Имено башибозукот од околните села, после еден вооружен инцидент, 4 дена го држеле под опсада манастирот во кој имало над 3.000 христијани. Еден автентичен запис покажува дека меѓу другото сите верници преживеале во опсадата токму благодарение и на манастирските залихи на храна.[11]

Во перидот по смртта на игуменот Езекил во 1898 до 1912 година, голем дел од приходите на манастирот потпаднале под финансиска контрола на Бугарската егзархија[12].

Од најрано сочуваниот манастирски буџет за приходи и расходи од 1915 година можеме јасно да ги видиме изворите на приходите како и расходите. Приходите се од продажба на свеќи и тасови, писанија, продадени овци, говеда, вино, пченка, пченица, волна, кожа, зеленчук, млечни производи, кирија од манастирските згради и дуќани и разни други приходи. Расходите се однесувале на плати на калуѓерите, слугите, надничарите, за мебел, за поправки, одржување, бакалски и кујнски потреби, канцелариски материјал, свеќи и зејтин, весници и книги, милосрдие, лекарства, порез на државата, за алатки и слично[13].

Како што може да се забележи, Лешочкиот манастир претставувал една мала економија за производство на храна.

Еден од најтешките периоди на Лешочкиот манастир е за време на Првата светска војна кога манастирот економски бил речиси опустошен. За време на војната но и по неа , манастирот служел како касарна и тука отпрвин биле сместени бугарски војници, потоа француски по пробивот на Македонскиот фронт во средината на септември 1918 г. и на крајот српски војници, жандармерија како и руски бегалци, белогардејци. Овие војски при својот

[8] Истото, 49 - 51.

[9] Ил. Петрушеввски, Бр. Светозаревиќ, Лешочкиот манастирски комплекс,..цит., 156.

[10] Управа на манастирот ... цит., фонд, д. бр. 18/20; 19/21; 19/22; 20/23.

[11] Ѓорѓи Поп Атанасов: Словенски ракописи од Македонија во музејот на Српската православна црква и во српската патријаршиска библиотека, Скопје: сп. Историја, 1970/2, 141-142. (За да се прехранат опсадените луѓе, манастирот потрошил 82 товари жито, 9.730 литри вино, 4. 250 литри ракија, 75 килограми масло, 190 килограми сирење, 125 килограми ориз. Биле заклани 14 вола, 2 бивола, 48 овци и кози и др.).

[12] Бранислав Светозаревиќ: Српската и бугарската црковно-училишна пропаганда во Тетово и Тетовско 1860-1903, Скопје: Архив на Македонија, 1996, 47; Л. Серафимов: Кирил еромонах Пеичинович и монастира му Св. Атанаси, Пловдив, 1900, 8.

[13] Управа на манастирот. . .цит. ф., а.к. 1, 2/27-29.

престој ги оштетиле манастирските конаци и другите придружни објекти. Во 1918 и 1919 година, при напуштањето на војските, посебно настрадала манастирската економија.

Зачувани се извештаите кои ги составувал игуменот Методиј (1918-1922). Во нив се забележани следните штети направени на манастирот.[14]

На 18 септември 1918 година кога манастирот го напуштил игуменот Мартириј кој се повлекол во Бугарија заедно со бугарската војска ги понел со себе и 7. 243 лева кои припаѓале на манастирот.[15]

Од извештајот од судот на Лешочката општина на Протојерејот на Тетовскиот округ може да се види дека од страна на француската команда е одземено поголемо количество храна и стока од манастирот.[16]

Манастирот претрпел штета и од српската војска. Таа бесправно ја сечела манастирската шума, го трошела виното без дозвола, нанела штети врз манастирските конаци и др[17].

Во едни такви тешки околности во манастирот за игумен на манастирот бил назначен архимандрит Методија[18]. Тој со себе носел едно големо искуство служејќи во повеќе цркви и манастири низ Србија. Покрај тоа искуство, Методија имал големи знаења од земјоделството, сточарството и пчеларството, кои веднаш започнал да ги применува, на запуштените од војна, манастирски имоти.

За неполни четири години (1919-1922) тој превзел сеопфатни мерки со кои успеал зачудувачки брзо да ги обнови манастирот и неговата економија.

Уште во 1919 година во билансот на буџетот на манастирот е прикажан остаток од 8.089 динари[19].

Игуменот Методија сликовито го опишува економскиот дел на манастирот.[20] Според описот, на западната страна од Сарај, најголемиот конак, е издвоен економскиот дел со штали, плевна, долга шупа, гумно и кош со пченка. Позади јужниот конак се наоѓала градина со овошје и зеленчук, а од источната страна имало 20 кошници со пчели. На Лешочката река се наоѓале

---

[14] Истото, манастирски број (м.бр.), 37/1919. (Бугарската војска од манастирот одзела: 14.000 кг. Пченица, 700 кг. Пченка, еден фијакер, два крупни коњи, еден кујнски прибор, една запрежна кола и два најдобри биволи, 180 оки масло, 1.000 оки млеко, 40 јагниња, 40 оки сирење, 50 оки ракија, 10 оки мед, 6 кревети со постелини, 50 лажици, сиот столарски алат, 150 рамки од прозори, дрва, даски, уништени миндерлаци и други штети, како и 7.243 лева во готово. Сето тоа заедно чинело 94. 221 динари (во 1919 год).

[15] Архива на црквата Св. Кирил и Методиј во Тетово, Управа на манастирот Св.Атанасиј, с. Лешок, бр. 4. 28.11. 1918.

[16] Истот, м.бр.,. 51/1918. (5.000 кг. Јачмен, 18 коли пченка, 76 кг. Волна, една крунача, едно седло, 82 гуски, 28 кокошки, 6 патки, 30 кг. костени и ореви, 1 чаршав, 30 кг. памук, 1 лампа, 135 овци, 600 л. ракија, 300 л. вино и друго со проценета вредност, вкупно 64.875 тогашни динари).

[17] Истото, м. бр. 1/1920; 40/1920; 58/1920; 65/1920; 191/1920.

[18] Бранислав Светозаревиќ, Дејноста на Архимандрит Методија во Лешочкиот манастир, Скопје: сп. Гласник на Институот за национална историја) (ГИНИ) , 44, Скопје, 2, 2000, 101.

[19] Управа на манастирот. . .м., бр. 574/1919.

[20] Архимандрит Методија, цит. дело, 7-11.

повеќе воденици а првата била манастирска. Под манастирот имало уште 5 лозја а под нив големи ниви наречени *Млака, Чолаково, Јанчево, Зграда, Глаиново, Дабево и Лалошево.*

Под селото манастирот поседувал чифлик кој игуменот Езекил го купил од некои турски бегови. Во него имало амбар простории за слугите, штали за стока, плевни и шупи и две гумна за вршење. Под објектите се наоѓал овоштарник со 20 јаболкови дрвја, 30 сливови дрвја и лозници. Пониско од овоштарникот, манастирот имал и две ливади.

Речиси сите овие овоштарници и ниви се наводнувале. Од 1919 година во земјоделското и сточарското производство започнале да се применуваат во манастирските имоти и модерни методи како што се засадување на нови сорти на овошки и лозја, промена на земјената подлога, опрашување, калемење и сл[21].

Манастирот во 1920 година поседувал вкупно 60 хектари зиратна и шумска земја. Покрај тоа поседувал и 4 хектари пасивно земјиште, како и пасишта на *Плоча* на Шар Планина. Од добиток манастирот поседувал 37 грла говеда од кои повеќето биле од швајцарска раса, со што приносот на млеко бил значително зголемен, потоа две кобили, три коњи, една мазга, 4 биволи и 200 овци[22].

Покрај земјоделскиот и доботочниот фонд, Методија ги обновил и набавил нови земјоделски, столарски и браварски алатки, бидејќи за време на војната биле разграбени и однесени.

Од имотите кои манстирот ги поседувал надвор од селото Лешок има две двоспратни згради со голем плац во центарот на Скопје. Во Тетово имал ан - гостилница и 5 дуќани. Во Брезно имал 20 ари земја. Во Глоѓи 20 ари пасивно земјиште исто така во с. Јелошник и на други места.

По периодот меѓу двете светски војни, манастирот продолжил да ги зголемува своите имоти, а со тоа ги зголемувал и производството и приходите. Во манастирските имоти своја работа наоѓале многу луѓе како службители, градинари, готвачи, пекари и овчари кои работеле за плата или надница[23].

Покрај дотогашните ставки во приходите на манастирот во овој период се јавува и значаен приход од посета на манастирот особено во летниот период кога во него престојувале голем број на верници од Тетово, Гостивар, Скопје, Белград од полошките села и други места[24].

За економската моќ на манастирот зборува фактот што на пример во текот на 1927 г. е забележано дека поседува земјишен имот од 1.035.054 м$^2$, повеќе

[21] Истото, 10.

[22] Истото.

[23] Управа на манастирот. . . цит. фонд, М. бр. 3/1922; 4/1922; 9/1922; 23/1922; 25/1922; 31/1922; 161/1923; 94/1924; 192/1924; 7964/1929; 725/1929; 286/1930; 96/1936; 217/1937; 207/1937; 144/1938; 271/1938 и многу други.

[24] Истото, м. бр. 92/1919; 88/1920; 161/1923; 43/1924; 336/1928; 725/1929; 78/1930; Бранислав Светозаревиќ, Тетовски споменар 1919-1941, Тетово: Напредок, 1999, 85.

објекти, како и подвижен имот чија вредност биле проценета на 208.690 динари.[25]

Главна преокупација на наследниците на Архимандритот Методија била изградбата на новата црква *Св. Атанасиј*. Игуменот Сава (1923 - 1924) извршил големи поправки на манастирските објекти и ја срушил старата камбанерија[26] на чие место ја започнал изградбата на црквата која се градела сè до 1936 год. кога е и осветена. Завршувањето на градбата е поврзана со игуменот Ташко. Тој на чело на манастирот дошол во 1935 год. откако претходно бил на чело на Бигорскиот манастир. Во негово време освен довршувањето на црквата биле ревитализирани и запуштените манастирски лозја и ниви, а народот уште помасовно го посетувал манастирот[27].

Од 1939 година Лешочкиот манастир е претворен во женски манастир[28]. Триесетина калуѓерки мошне вредно работеле на манастирските имоти и во тој период приходите на мнастирот уште повеќе се зголемиле. Благодарејќи, меѓудругото и на амбициозната игуманија Михаила (1939 - 1944), манастирскиот двор бил мошне среден и оплеменет со засадување на цветни алеи и украсни дрвја. Хигиената била дотогаш на највисоко ниво, а на задоволство на многубројните верници и посетители. Во зимските периоди е воведена нова дејност. Калуѓерките се занимавале со предење, плетење, ткаење, шиење и везење свештенички одежди, облека, рачни ракотворби и сл. Се одржувале и курсеви за обука на жени од околните села со овие дејности. Амбициите и плановите биле навистина големи, од градење на нов парк со рибник до мала хидроцентрала која би ги напојувала со електрична струја манастирот и селото Лешок. Овие планови биле оневозможени да се остварат поради започнувањето на Втората светска војна.

За време на Втората светска војна иако под сосема неповолни услови, кога манастирот се нашол на граница меѓу бугарската и италијанската окупирана зона во Македонија, во билансот на приходите и расходите за 1941, 1942 и 1943 година се гледа дека манастирот има позитивно салдо од вкупно 52.525 лева[29].

По завршувањето на Втората светска војна, од 1944 до 1964 година, во манастирот остануваат монахињите, а управнички во тој период биле игумениите Марина и Елисавета[30].

---

[25] Управа на манастирот. . . цит. фонд., Инвентар непокретних имања и ствари манастира Св. Атанасија у Лешку, 1927, АК. 1. (1. Земјишни поседи: ниви, бавчи, шуми ливади, овоштарници, лозја и др. со вкупна површина од 1 035 054 м².

2. Објекти: три конаци во манастирот, две цркви, две згради во Скопје, Лешочки ан во Тетово, воденица, плевни, штали, и други помошни објекти.

Вкупната вредност на земјишните поседи и објектите не е проценета.

3. Подвижен имот: црковни предмети од црквите, куќен мебел, мебел во трпезарија, канцелариски мебел, кујнски мебел и прибор, подрумски прибор и предмети, пекарски прибор, земјоделски справи и алатки, столарски алат, крупна стока, ситна стока, разни други предмети).

[26] Управа на манастирот. . .цит. фонд, м. бр. 784/1923

[27] Б. Јосифовић: Тридесет монахиња претварају манастир Лешак у ваздушну бању, Берoград: в. Време, 24. 07. 1939, 5.

[28] Истото; Управа на манастирот. . .документите од 1939 и 1941 год., а. к. 2.

[29] Истото, Бъджета на монастир *Св. Атанасии*, с. Лешок за 1943 год.

[30] Ил. Петрушевски, Бр. Светозаревиќ, Лешочкиот манастирски комплекс, цит. дело, 67.

Во овој период економската ситуација на манастирот драстично била изменета. Со нововоспоставениот социјалистистички политички систем, верските заедници а со тоа и манастирите ја губат својата економска моќ и поголемиот дел од имотите, особено со Аграрната реформа. Со таа реформа на позначајните манастири им биле оставени по 10 хектари земја.

На таков начин и Лешочкиот манастир го губи својот земјишен имот. На 08.02.1946 година, Месната аграрна комисија во с. Лешок донесува одлука за одземање на имотот на манастирот *Св. Атанасиј* во с. Лешок и тоа обработлива земја вкупно 67. 12, 02 хектари и необработлива земја, шума 24. 27, 75 хектари или вкупно обработливо и необработливо земјиште со површина од 91. 27, 75 хектари[31].

Од целокупниот земјишен имот на манастирот, аграрната комисија му оставила незначителна површина. Според еден извештај на началникот за финансии при Народниот одбор на Тетовската околија од 02. 12. 1961 год[32]., истата година манастирот располагал со следниот земјишен имот:

- во К.О. Брезно, шума со површина 2.380 м. и ливада со 1.800 м.
- во К.О. Јелошник, шума од 2.971 м.
- во К.О. Беловиште, шума од 10.060 м.
- во К.О. Слатина, нива од 3.939 м.

Според еден документ од 08.02.1946 год. на Месната аграрна комисија[33] освен горенаведените земјишни поседи на манастирот му останале 2 конаци, една пондила со племна, свињарник, фурна, еден голем амбар, еден голем кош за пченка, воденица, како и многуброен движен имот и дел од средствата за работа.

Во манастирскиот комплекс веднаш по Втората светска војна поради недостиг на објекти за здравствени потреби но и поради уништените објекти на Здравствениот дом во Тетово, извршена е пренамена на дел од манастирските објекти[34]. Со актот од 25. 08. 1945 година, кој е донесен од Околискиот одбор на Тетово пристапено е кон експропријација на дел од самиот манастирски комплекс, односно на двор со вкупна површина од 1.77,80 хектари за потребите на Советот на народно здравје и социјална заштита, поради проширување и подигнување на нови болнички згради за Специјалната болница за ТБЦ во Лешок[35].

Во подоцнежните години поради скромниот земјишен фонд, манастирот останува со повеќе од симболична економија. Во рамките на манастирскиот круг, по доаѓањето на чело на Полошко-Кумановска епархија на

[31] ДАРМ, ПО Тетово, ф. Околиски народен одбор, бр. 28,26. 74 / 482 - 485.

[32] Истото, 488.

[33] Истото, 489. (Од крупниот и ситниот добиток на манастирот му се оставени 34 грла, а од движниот инвентар за работа, една волска теретна кола, една коњска кола, седум ситни земјоделски алатки, еден железен и еден дрвен плуг, едно рало, една роналка, една веалка, 24 буриња, 6 бакарни котли и прибор за производство на вино и ракија).

[34] Д-р Маја Закоска, 50 години Болница за градни болести и туберкулоза во с. Лешок, Тетово, 1996, 9.

[35] ДАРМ, ПО Тетово, Околиски народен одбор Тетово., 176.

Владиката Кирил, извршувани се повеќе поголеми реконструкции на објектите како што се реконструкција на кровот на црквата *Св. Атанасиј*, реконструкција на единсвениот зачуван конак и други градежни реконструкции. Во склопот на комплексот во 2001 година започнаа градежните работи на рибник[36] со што се работеше на новите форми на економското заживување во манастирот и со тоа и во селото Лешок.

Во 2001 година, Лешочкиот манастирски комплекс доживеа нова катастрофа, кога северниот дел на Р. Македонија беше изложен на вооружени напади од страна на албански вооружени екстремистички формации со потекло од протекторатот Косово и од Р. Македонија и кои неуспешно се обидоа да го загрозат територијалниот интегритет на нашата држава.[37] Според поголемиот број на акции кои овие формации ги извршија во манастирот и во Тетовската околија можат да се третираат како терористички дела. [38]

Во екот на оваа криза, директно беше нападнат манастирот како и селото Лешок.

Во периодот од почетокот на јули па сè до крајот на септември 2001 година извршени се, во повеќе наврати, ограбувања и уништувања на имоти и културно историски споменици на Манастирот, а на 20. 08. 2001 година наполно е уништена црквата *Св. Атанасиј* со нејзино минирање.

Штетите на манастирот се од таков карактер што според официјалните државни органи, односно од нивните стручни служби се третираат како уништување на културното богатство, а таков третман овој случај доби и во меѓународни рамки.[39]

Соред записникот за штета на објектите на манастирскиот комплекс *Св. Богородица* и *Св. Атанасиј* од 11. 10. 2001 год.[40], најголеми оштетувања се направени врз споменатата црква *Св. Атанасиј* која генерално е разрушена. Оштетувањата се толку големи што од црквата е останат само нартексот од западниот дел и скоро целиот ѕид од наосот. Од експлозијата е уништена речиси сета внатрешност, освен неколку фрески на светци. Штетата е непроценлива со оглед на бројот на уништените уметнички предмети, фрескоживописот и иконостасот.

[36] Архива на ТПТ *Фениксӣром* од Тетово.

[37] Ришард Билски: Пожари над Тетово, Култура, Скопје, 2003; Сашо Кузмановски: Додека конфликтот сеуште можеше да се запре, Ворлдбук, Скопје, 2003 год.

[38] До моментот на пишувањето на статијава во Р. Македонија сé уште се употребува различна терминологија за акциите на овие формации. Во секој случај минирањето на манастирската црква е чист терористички акт.

[39] Гургица Лековска: *The history of the Lesok Monasterry „St. Atanasia“ – Perspectives for Today and Tomorow*, Protection of kurtural property in the event of armed conflict, Publication Series of the National Defence Academy, Viena, No.4 / 20 and the Austrian Society for the Protection of Cultural Property No. 7, Vienna, 2002, 129 – 132.

[40] Архива на Полошко кумановската епархија во Тетово, Записник за штети на објектите на манастирскиот комплекс *Св. Богородица и Св. Атанасиј* во с. Лешок, Лешок, 11. 10. 2001 год.

Црквата *Св. Богородица* е обиена и ограбена. Оштетувањата се направени на прозорците и кровната конструкција. Од неа е украдено евангелието со позлатени корици а се уништени и повеќе одежди.

На гробот на архимандритот Силвестер е искршена надгробната плоча која потекнува од втората половина на XIX век. Најверојатно во потрага по златни и други вредни предмети направено е неуспешно раскопување.

Гробот на Јеромонахот Кирил Пејчиновиќ како културно-историски споменик е многу оштетен. Надгробната плоча е подигната и искршена. Од јужната страна е направен обид за раскопување по цела должина на гробот со цел да се обезбеди пристап до внатрешноста.

Од новата манастирска летна трпезарија е ограбен речиси целиот подвижен инвентар.

Мошне големи ограбувања и оштетувања биле извршени во манастирскиот конак. Од експлозијата има надворешни оштетувања на фасадата, прозорците како и кровната конструкција и дел од ламаријата. Оштетувањата се забележливи и на плафонската конструкција. Од овие оштетувања се појавиле и секундарни оштетувања од влагата. Во капелата *Св. Кирил и Методиј*, која се наоѓа на првиот спрат од конакот, има оштетувања на малтерот на плафонот на фрескоживописот и на пантократот.

Подрумот на конакот е обиен и ограбен. Во конакот во многу соби за преноќување има скршени и демолирани прозорци, врати, кревети, бела техника и друг инвентар.

Со наведениот извештај изготвен е и Извештај за потребните средства за санација и ревитализација на објектите на Лешочкиот манастир[41], според кој целокупната штета е проценета на 54.295.893,00 МКД или 888.518,90 €.

Во почетокот на 2002 година покрената е постапка за денационализација на одземениот манастирски имот, како и обезбедување на средства од македонската влада и Европската унија за санација и ревитализација на објектите на Лешочкиот манастир.

Во септември 2004 година, завршени се градежните работи на реконструирање на црквата *Св. Атанасиј* и започнати се подготовки за реконструкција на внатрешниот дел односно ентериерот на црквата[42], а поправени се и оштетувањата на другите објекти во комплексот со додатни интервенции како што е кровот на летната сцена, на која се одвиваат нови културни содржини.

[41] Истото, Извештај за потребните средства за санација и ревитализација на објектите во Лешочкиот манастир, Тетово, октомври 2001 год.

- Црква Св. Атанасиј . . . 50.058.050,00 МКД или 818.932,00 €.
- Црква Св. Богородица . . . 53.040,00 МКД или 870,90 €.
- Гробот на архимандритот Силвестер 46.947,80 МКД или770,90 €.
- Гробот на еромонахот Кирил Пејчиновиќ . . .156.000,00 МКД или 2.561,60 €.
- Нова манастирска летна трпезарија . . . 755.040,00 МКД или 52.985,50 €.
- Конаци на комплексот . . . 3.226.816,00 МКД или 52.985,50 €.

[42] С. Т., *Се конзервира фрескоживописот во „Свети Атанасиј"*, Скопје в. Вест, 18. 03. 2005, 10.

Во 2004 година манастирот сè уште не ги доби со денационализацијата имотите кои во годините по Втората светска војна му беа одземени од страна на државата.[43]

[43] Податоците за денационализација ги добив од Протојереј Мирко Станковски од Тетово на 09. 02. 2005 год.